Ако сметате дека податоците што ги имаме за вас се погрешни или дека е направена грешка, ве молиме кажете ни и ние ќе ја поправиме грешката или ќе додадеме забелешка во вашиот здравствен картон.

Барањата за пристап до вашиот здравствен картон треба да ги адресирате до Medical Records Department или до управникот на здравствената установа што сте ја посетиле.

## Безбедност на вашите здравствени податоци

Следиме строги владини стандарди во врска со безбедното чување на вашите здравствени податоци во сите формати.  Редовно ги подобруваме и проверуваме нашите системи со цел да спречиме вашите податоци да се користат недозволено, да се загубат или злоупотребуваат.

Службите за јавно здравство на Нов Јужен Велс ги чуваат здравствените податоци на хартија, на локални електронски системи за медицински податоци и на HealtheNet на Нов Јужен Велс.

HealtheNet е безбедна, државна електронска евиденција на здравствени податоци која ја користи службата за јавно здравство на Нов Јужен Велс. HealtheNet содржи краток преглед на вашите здравствени податоци, на пример, кратки налози за отпуштање од болница, резултати од патолошки и дијагностички тестови и податоци за вашите лекарства.

Ако посетите јавна здравствена установа било каде во Нов Јужен Велс, во најголем број случаи клиничкиот персонал што ве лекува ќе има пристап до овој краток преглед на податоци преку HealtheNet.

## My Health Record (Мој здравствен картон)

My Health Record е австралискиот национален дигитален систем за водење на здравствени картони. Сите Австралијци имаат My Health Record, освен ако не изберете да го имате.

Ако сте посетиле јавна здравствена установа во Нов Јужен Велс, краток преглед на вашите здравствени податоци ќе биде внесен во вашиот My Health Record. Персоналот во јавното здравство во Нов Јужен Велс може исто така да го разгледа вашиот My Health Record и да внесе податоци во него.

Ако имате My Health Record, меѓутоа не сакате вашите податоци за посета на одреден доктор или болница да бидат вклучени во вашиот  My Health Record, тогаш мора да го известите за тоа доставувачот на здравствени услуги на почетокот на вашата посета.

За повеќе информации во врска со My Health Record, телефонирајте на 1800 723 471, или отидете на: www.myhealthrecord.gov.au

## Контактирајте не

Ако имате прашања или жалба за доверливото чување на вашите здравствени податоци, ве молиме обратете му се на Privacy Contact Officer (Службеник за контакти во врска со доверливо чување на здравствени податоци) во агенцијата на NSW Health која ги чува вашите здравствени податоци.

За поединостите на Privacy Contact Officer, ве молиме отидете на: www.health.nsw.gov.au/patients/privacy/Pages/privacy-contact.aspx

## Служба за писмено и усмено преведување

Ако ви треба помош да стапите во контакт со горенаведените служби или ви треба превод, ве молиме телефонирајте во Службата за писмено и усмено преведување (TIS) на 13 14 50.

За да ја добиете брошурата за доверливо чување на здравствени податоци на други јазици, посетете ја Multicultural Health Communication Service на: www.mhcs.health.nsw.gov.au

NSW GOVERNMENT | Health

Macedonian

**Privacy Leaflet for Patients**

**How we protect your health information**

# Брошура за доверливо чување на здравствени податоци на пациенти

## Како ги штитиме вашите здравствени податоци

NSW GOVERNMENT | Health

## Земање на вашите здравствени податоци

За да ви понудиме соодветно лекување, можеби ќе земеме различни здравствени податоци за вас. Тоа може да вклучува податоци за вашето здравје, резултати од патолошки и дијагностички тестови, рендгенски и други видови на снимки како и податоци за вашите лекарства.

Кога тоа е можно, ги земаме здравствените податоци директно од вас. Ако тоа не е можно, или во ургентен случај, можеби ќе ги прегледаме вашите претходни здравствени картони, ќе се обратиме до други доставувачи на здравствени услуги и ќе го провериме вашиот My Health Record (Мој здравствен картон).

Можеби исто така ќе треба да земеме податоци од член од семејството, пријател, негувател или друго лице, на пример, преведувач, кој ќе може да ни помогне да ви понудиме соодветна здравствена нега.

## Користење или давање на вашите здравствени податоци на други странки

Вашите здравствени податоци може да ги користи службата за јавно здравство на Нов Јужен Велс, или да им се дадат на други странки надвор од службата за јавно здравство, за да се овозможи да добивате соодветна нега и лекување.

На пример, вашите податоци може да се користат или дадат на други странки како што следи:

- на други здравствени установи, болници или специјалисти кои се вклучени во вашата нега и лекување.
- на докторот од општа пракса што ќе го назначите, вклучувајќи ги податоците вклучени во документите/упатите што сте ги добиле при отпуштање од болница.
- на Ambulance Service of NSW (Амбулантна служба на Нов Јужен Велс).
- на My Health Record.
- да ви телефонираме дома за идните закажани прегледи.
- на вашиот негувател за да му помогнеме околу негата што ви ја нуди.
- да ви телефонираме за да ни кажете што мислите за услугите што сте ги добиле.
- на работниците за верско згрижување, вклучувајќи ги капеланите во болница, кои нудат духовна и верска нега.
- на студенти и друг персонал за обука.
- на други здравствени служби и овластени трети странки за да се помогне да се спречи сериозна и неизбежна опасност по животот, здравјето или благосостојбата на некое лице, на пример, во ургентен случај.
- за работи во врска со дарување на орган или ткиво. Ова може да вклучува земање на контактни податоци на најблизок роднина.
- за работни и управувачки активности, вклучувајќи финансирање, планирање, безбедност и активности за подобрување на квалитетот.
- за испитување на жалба или инцидент.
- за управување со правна постапка или барање поднесено од пациентот против здравствената служба.

**Ако не сакате да земеме, користиме или да даваме на други одредени податоци за вас, ќе треба да нè известите за тоа и ќе разговараме со вас за можните последици на вашата здравствена нега.**

Со законот исто така е дозволено или се бара да им ги дадеме вашите здравствени податоци на трети странки, на пример:

- на агенциите на државните влади и сојузната влада заради законската обврска за задолжително пријавување, на пример, да пријавуваме заразни болести, рак и други болести кои мора да се пријават на владата, да пријавуваме новороденчиња и смртни случаи и да доставуваме податоци од Medicare.
- на истражувачи кои работат на проекти кои се во интерес на јавноста и кои се одобрени од Human Research Ethics Committee.
- на други здравствени служби или агенции кои го спроведуваат законот, на пример, полицијата, ако ни дадете информации за сериозен злочин, вклучувајќи сериозен физички напад, домашно насилство или малтретирање на деца.
- на други агенции кога податоците се однесуваат на безбедноста, благосостојбата или здравјето на дете или младо лице.
- да почитуваме судски налог или налог за претрес ако вашите здравствени податоци се потребни како доказ на суд.

## Национална програма за осигурување на лица со попреченост (NDIS)

Ако вие, или некое друго лице во ваше име ни доставите копија од вашиот NDIS-план или други NDIS-документи, можеби ќе ги користиме или дадеме на друга странка овие податоци за работи во врска со вашата здравствена нега и услуги од социјалната служба. Ова може да вклучува разменување на податоци со други државни агенции, организации од приватниот сектор или невладини организации со цел да им се помогне на здравствените и другите служби да ги задоволуваат вашите потреби.

## Достапност до вашите податоци

Имате право да побарате да имате пристап до сите ваши здравствени податоци кои ги чуваме. Обично, треба да поднесете молба во писмена форма и да доставите идентификација. Ако побарате копии од вашиот здравствен картон, можеби ќе треба да платите. На барањата за пристап до податоци ќе одговориме колку што е можно поскоро, и во најголем број случаи не подоцна од 28 дена.

Може да ви се одбие пристап до вашите податоци во посебни околности, на пример, кога со тоа вие или некое друго лице би биле изложени на опасност од ментална или физичка повреда.